АПРИЛ - ЈУНИ 2023

# Е-БИЛТЕН

БРОЈ 2




**Доколку сакате да ги поддржете нашите активности можете да направите уплата на сметка: 270000000911687 Халк Банка или да не контактирате преку следниве**

## КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ:


032 444 620

info@womsvetinikole.org.mk
womsvetinikole@yahoo.com

www.womsvetinikole.org.mk

ул. Ленинова број 1-1/4 П.Фах
13 2220 Свети Николе

facebook.com/womsvetinikole

instagram.com/ozo_svnikole


ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

# АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ: НЕ СИ САМ/А – КАНЦЕЛАРИЈА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА 2

## ПРОМОЦИЈА НА КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА ВО С.ТИМЈАНИК И С.ДОЛНИ ДИСАН – ОПШТИНА НЕГОТИНО



Професионалниот тим од Канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка, ги информираа жителите од овие рурални средини за услугите што ги нудиме.



## РЕГИОНАЛНО ЈАКНЕЊЕ ЗА УНАПРЕДЕНИ УСЛУГИ КОН МАРГИНАЛИЗИРАНИТЕ ЗАЕДНИЦИ – ВТОРА РЕГИОНАЛНА СРЕДБА ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ

На средбата присуствуваа претставници од релевантни институции од општините Велес, Кавадарци, Неготино, Демир Капија и Свети Николе. Во текот на целиот состанок, активното учество и ангажман беа истакнати бидејќи отворено беа споделени различни искуства, различни мислења и перспективи. На крај на средбата, сите се согласија дкеа е неопходна постојана и добро координирана комуникација и соработка прво на локално, а потоа и на регионално ниво, како и развој на ресурси, но и поддршка од локалните самоуправи и континуирана соработка со граѓанските организации. Овој пристап се сметаше за суштински со цел да се надополнат и обезбедат сеопфатни услуги за маргинализираните поединци.




НЕ СИ САМ/А
канцеларија за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка

Современиот човек денес живее со обременето и се позабрзано темпо. Луѓето се во постојан стремеж кон надворешни, материјални постигнувања кои водат кон краткотрајно задоволство, а потоа повторно трага по повеќе. Душата притоа останува незадоволна, лишена, со своите незадоволени потреби. Преплавеноста со секакви, во голем дел и непотребни информации предизвикува пренапрегнатост, стравови, лична фрагментираност и отуѓеност од самиот себе. Таквата исцепканост и изолираност на лично ниво се пресликува и во меѓучовечките односи. Мрежата на социјална поддршка недостига. Овде некаде лежи и потребата за професионална психо-социјална помош и поддршка за лицата кои забележуваат дека страдаат во однос на менталното здравје. При тоа се преземаат низа постапки кои треба да им помогнат да се справат со проблемите од психо-социјалната офера.

-Психолог Емина Петкова-

www.womsvetinikole.org.mk
www.facebook.com/womsvetinikole
info@womsvetinikole.org.mk
womsvetinikole@yahoo.com
www.instagram.com/ozo_svnikole
032 444 620
075 310 810


НЕ СИ САМ/А
КАНЦЕЛАРИЈА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА

Кој може да ги користи услугите за психо-социјална помош и поддршка?

Секој оној кој страда во одредена кризна ситуација - развод, семејно насилство, злоупотреба и се чувствува болно и во стресна состојба поради отфрленост, неприфатеност и не е во можност да го надмине самиот, може да побара помош и поддршка. Полот, возраста, етничката, верската, политичката припадност, социјалниот и здравствениот статус **не се важни**.

-Психолог Емина Петкова-

www.womsvetinikole.org.mk
www.facebook.com/womsvetinikole
info@womsvetinikole.org.mk
womsvetinikole@yahoo.com
www.instagram.com/ozo_svnikole
032 444 620
075 310 810
2220 Свети Николе


НЕ СИ САМ/А
КАНЦЕЛАРИЈА ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ И ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА

Дали знаевте дека пристапот до правдата е основно право? За жал, многу поединци се соочуваат со бариери поради финансиските ограничувања. Затоа нашата невладина организација е посветена на обезбедување **БЕСПЛАТНИ** услуги за правна помош на оние на кои им е потребна.

www.womsvetinikole.org.mk
www.facebook.com/womsvetinikole
info@womsvetinikole.org.mk
womsvetinikole@yahoo.com
www.instagram.com/ozo_svnikole
032 444 620
075 310 810
2220 Свети Николе

ОЖОСВН континуирано ја промовира канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка со цел да информираме и помогнеме на повеќе луѓе.

# АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ: ЈАКИ ЖЕНИ, ЈА ЈАКНАТ ЗАЕДНИЦАТА – II

## БИДИ АКТИВНА ЗА РОДОВО ЕДНАКВО ОПШТЕСТВО!

ОЖОСВН одржа форуми за млади девојки од Велес, Неготино, Пехчево и Кочани – за да ги запознаеме поблиску со женските човекови права, родовата еднаквост и како да станат активни општествени чинители кои прават позитивни промени.









## ИНИЦИЈАТИВНОСТ И СОЛИДАРНОСТ – МОЌ ЗА ПРОМЕНИ



Одржавме работилница на тема „Иницијативност и солидарност – моќ за промени“ во с. Горобинци, општина Свети Николе, каде се заклучи дека жените од руралните средини имаат потреба од едукација на различни теми и се надеваме дека ваквите работилници ќе бидат добра мотивација за да предизвикаат промена кај нив.

## ПРЕДИЗВИЦИ И ИЗБОРИ: ЕМОЦИОНАЛНА БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖЕНИТЕ

Одржавме настан на тема „Предизвици и избори: Емоционална благосостојба на жените“. На овој настан се опфати суштината на овде и сега свесноста која ја нагласува важноста да се биде целосно присутен во тековниот момент. Со согласност на присутните учесниички настанот се одржа во форма на отворена дискусија и групна психотерапија.



## АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ: ЈАКИ ЖЕНИ, ЈА ЈАКНАТ ЗАЕДНИЦАТА – II

### СТЕНД АП „8 МАРТ ВО МАЈ“

На 29.05 се реализираше стенд-ап настан. Софија Ристевска Петрушева ја украси нашата сцена и испорача моќна изведба која навлегува во комплексноста на женското тело и стереотипите со кои се соочуваат жените во нашето општество, односно општествените очекувања, традицијата и очекуваните норми од жените, затоа што се жени. Настанот заврши со пораката дека секоја една е важна, треба да веруваме во себеси, да се бориме за своите права, да работиме на себе, да бидеме подобри луѓе прво за нас самите, а потоа и за останатите и општеството.











# АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ: ВКЛУЧЕНИ МЛАДИ, СИЛНИ ЗАЕДНИЦИ

## КАФЕ СРЕДБА СО СЛУЖБЕНИКОТ ЗА МЛАДИ ОД ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Со младите од нашата општина, одржавме кафе средба со службеникот за млади. Средбата имаше едноставна, но важна цел – да се промовира службеникот за млади и да им се даде до знаење на младите дека во општината има човек кој може да одговори на нивните потреби.



## ПОДОБРУВАЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНОСТА И РАБОТАТА НА ЛОКАЛНИОТ МЛАДИНСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Одржавме пет последователни работилници на тема „Подобрување на функционалноста и работата на Локалниот младински совет на општина Свети Николе“, кои имаа за цел да даде јасност за целиот процес на формирање на Локален младински совет. Заедно со младите го истраживме процесот на законско формирање и ги разгледавме потребните документи за првиот чекор – свикување на Иницијативниот одбор, втор чекор – формирање на Локално собрание за млади и конечно, третиот чекор – формирањето на Локален младински совет.











# АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ: ВКЛУЧЕНИ МЛАДИ, СИЛНИ ЗАЕДНИЦИ



## ПОДОБРУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И МЛАДИ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Одржавме работилница за „Подобрување и унапредување на Програма за спорт и млади на општина Свети Николе". Главна цел на работилницата беше да се запознаат учесниците со процесот на креирање општински програми, како и да се научат да ги креираат програмите на партиципативен начин, а со тоа да бидат и активно вклучени во нивното креирање со акцент на Програмата за спорт и млади на општина Свети Николе.

## АНАЛИЗА НА ЛОКАЛНИ ДОКУМЕНТИ И ПОЛИТИКИ ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

ОЖОСВН подготви анализа на локални документи и политики која дава реален приказ на сите општински акти кои треба да се во согласност со обврските и правата. Оваа анализа беше презентирана пред креаторите на политики и донесувачите на одлуки во општина Свети Николе, а со цел да се запознаат директно со заклучоците од анализата и препораките кои треба да се имплементираат во пракса за да се поддржи младинската активност на локално ниво.









**ОЖОСВН КОНТИНУИРАНО ОБЈАВУВАШЕ ПОСТОВИ ВО ВРСКА СО ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ, АНАЛИЗАТА ШТО ЈА ПОДГОТВИ И ПРЕПОРАКИТЕ ШТО ПРОИЗЛЕГОА ОД САМИТЕ МЛАДИ ВО ВРСКА СО УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И МЛАДИ**






## АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ: ВКЛУЧЕНИ МЛАДИ, СИЛНИ ЗАЕДНИЦИ



### ДЕЛЕВМЕ ФЛАЕРИ НА РАЗЛИЧНИ ЛОКАЦИИ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ МЕХАНИЗМИ ЗА ПОГОЛЕМА ВКЛУЧЕНОСТ НА МЛАДИТЕ




### РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИ АКЦИИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД МЛАДИТЕ

Ги поттикнавме младите да достават свои идеи и подржавме два од нивните предлози (креирање на графит и поставување на маалски кош), а тие самостојно ги реализираа, со наша поддршка и во соработка со општина Свети Николе



## АКТИВНОСТИ ОД ПРОЕКТОТ: ЗАЕДНО ДА ПРЕВЕНИРАМЕ И СЕ БОРИМЕ ПРОТИВ РАКОТ НА ДОЈКА

ОЖОСВН оваа година се вклучи и во руралните средини каде одржа работилници на повеќе теми со докторка и психолог. Континуаирано ОЖОСВН обезбедува бесплатни ехо и мамографски прегледи за жените од руралните средини кои изразиле интерес за тоа.

Групата за самопомош и во овој квартал одржуваше активни работилници на повеќе теми:

11.04 - Превенција за карцином на дојка, с.Црнилиште



26.04 - Значењето на боите во животот и здравјето



07.06 - Зголемен крвен притисок



10.05 - Стрес и релаксација, с.Ерцелија



26.05 - Превенција за карцином на дојка, с.Ерцелија



27.06 - Вежби за превенција и превентива во сите фази на постболничко лекување



## ВЕЛИГДЕНСКА ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА

На 13 април се одржа мала, но значајна хуманитарна акција за поддршка на жените кои боледуваат и се лекуваат од малигни заболувања. Овој настан го организираше групата за самопомош во рамките на Здравствената програма на Организација на жените на општина Свети Николе.







# АКТИВНОСТИ НА ОЖОСВН

## ОПИН – АЛАТКА ЗА Е-УЧЕСТВО

Во периодот од 21-23 април 2023г. две наши членки учествуваа на обуката за „Дигитално учество и активно граѓанство (DigiPAC)" во реализација на Коалиција СЕГА. Нашите учесници на обуката, ги зајакнаа капацитетите за младинско учество, дигитално младинско учество и користење на ОПИН алатката, а потоа стекнатите знаења имаа можност да ги презентираат пред околу 30тина млади во општина Свети Николе.





## HERO2 – HUMAN RIGHTS EDUCATION OPPORTUNITY



Во периодот од 11.04 до 18.04.2023 во Карловац, Хрватска се одржа HERO2 тренингот, како дел од Еразмус + програмата кој беше спроведен од страна на Carpe Diem. На тренингот учествуваа две наши волонтерки. По самото враќање од тренингот, учесничките организираа десиминација со своите соученици на истата тема. Дискутираа за човекови права и направија активност со која заклучија дека сите сме еднакви, но некои се поеднакви од другите.

## YOUTH VOICE: GOING SWISS!

Во Рехтерсвил, Швајцарија се одржа проектот Youth Voice: Going Swiss!
На овој тренинг учество зедоа волонтери од ОЖОСВН. Тренингот им помогна на учесниците да ја подобрат тимската работа, им придонесе за личниот и професионален развој, подобрување на вештините, а воедно им беше и одлично искуство.






## ОЖОСВН КАКО ЧЛЕНКА НА ПЛАТФОРМАТА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ РЕАГИРА И СПОДЕЛУВА ВО ИНТЕРЕС НА СВОИТЕ ЦЕЛНИ ГРУПИ.

## МАЈ – МЕСЕЦ НА ЖЕНСКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА



# МЕЃУНАРОДНИ ДЕНОВИ ОДБЕЛЕЖАНИ ВО ОВОЈ КВАРТАЛ:




- 7 АПРИЛ - СВЕТСКИ ДЕН НА ЗДРАВЈЕТО
- 8 АПРИЛ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА РОМИТЕ
- 21 АПРИЛ - СВЕТСКИ ДЕН НА КРЕАТИВНОСТА И ИНОВАЦИИТЕ
- 22 АПРИЛ - ДЕНОТ НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА
- 16 МАЈ - МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЖИВЕЕЊЕ ЗАЕДНО ВО МИР
- 5 ЈУНИ - СВЕТСКИ ДЕН НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА













**Ви благодариме за поддршката!**